АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-3208/21
08 -01- 2020 год.-vite.
СКОПЈЕ - SHKUP

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 ,член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-3208/12 од 26.12.2019 г. , Извештај за текот на е-аукциите за набавка на тонери и компјутерска галантерија бр. 05-3208/19 од 31.12.2019 г. одржани на ден 30.12.2019, Извештај од спроведена постапка бр.05-3208/20 од 31.12.2019 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**14948/2019** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Набавка на тонери и компјутерска галантерија**

На основ.на Записник од отворање на понуди бр. 05-3208/12 од 26.12.2019 г. ,Извештај за текот на е-аукциите за набавка на тонери и компјутерска галантерија бр. 05-3208/19 од 31.12.2019 г., одржани на ден 30.12.2019 г, Извештај од спроведена постапка бр.05-3208/20 од 31.12.2019 г.. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3208/2 од 01.11.2019 г., со примена на постапка Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорите за Набавка на тонери и компјутерска галантерија се доделуваат на:

За ДЕЛ 1 – Набавка на тонери
**„ ОФИС ПЛУС "ДООЕЛ**
**Ул. ,,Индустриска,, бр.4 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 6 (шест) прифатливи понуди.

За ДЕЛ 2 – Набавка на компјутерска галантерија
**„ ДАТАКОМ ЈВ "ДООЕЛ Јегуновце**
**Ул. ,,101,, бр.1 – с.Рогачево - Јегуновце**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.
- Понудувачот чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на понудата со детално образложение зошто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителите на најповолните понуди, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

____________________

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Јанко Михајловски __________ 02.01.2020

контролирал: Анета Тодоровска __________

Светлана Сотировска __________